ISSN 1857-5323

# БИЛТЕН

## НА УНИВЕРЗИТЕТОТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

ISSN 1857- 5323

# Б И Л Т Е Н

# НА УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Бр. 73

Скопје, 13.11.2019 година

Издавач:
**УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ**

Главен и одговорен уредник:
**Проф. д-р Тони Васиќ**

Печати:
**УАКС Скопје**

Тираж: **20 примероци**

# СОДРЖИНА

**Стр. 5**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа маркетинг на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

**Стр. 15**
**РЕФЕРАТ**
за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на применета економија и финансии на Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, во Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА МАРКЕТИНГ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-878/5 од 04.07.2019 година донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за деловна економија и организациони науки, одржана на 04.07.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во сите *наставно-научни звања по група предмети од областа Маркетинг* на Факултетот за за деловна економија и организациони науки при Универзитетот Американ Колеџ Скопје (УАКС).

На објавениот конкурс за избор на наставници и соработници во сите наставно-научни звања од областа Маркетинг објавен во „Независен весник" на 18.06.2019 година, се пријави, како единствен кандидат, *д-р Илијана Петровска,* вонреден професор на Универзитетот Американ Колеџ Скопје (УАКС). Освен биографијата, кандидатката достави соодветна документација предвидена со конкурсот за избор. По внимателно разгледување на доставената документација, го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци, образование и работно искуство***

Вон. проф. д-р Илијана Петровска е родена на 17.10.1974 година. По завршување на основното и средното образование (гимназија) со одличен успех, се запишува на додипломски студии по економија, на Економскиот факултет при Универзитет „Св Кирил и Методиј" – Скопје. Студиите ги завршила во 1998 година, со специјализација во банкарство, со одбрана на диплосмки труд на тема „Платежни картички во светот и Македонија“, стекнувајќи се со правото на стручен назив *дипломиран економист*.

Истата година, се вработува во рекламната агенција „S Team Bates Saatchi & Saatchi" како асистент во сметководство (accountassistant), каде напредува до позицијата менаџер (account manager), одговорна за повеќе клиенти во Македонија и отворање на канцеларија во Албанија, до септември 2001 година. Од септември 2001 година се вработува како одговорно лице за маркетинг во Македонска банка, каде работи на повеќе проекти за рекламирање на банкарски производи, развој на филијали и развој на нова веб страница до јануари 2002 година. Од јануари 2002 година се вработува како маркетинг советник во Стопанска банка, каде напредува до позицијата директор на маркетинг одделот во рамки на Секторот за работа со население и работи до април 2009 година. Во овие седум години успешно реализира развој на нови производи за население, анализа на пазарот, развој на рекламни кампањи во соработка со рекламна агенција, развој на веб страница, развој на нови продажни канали како телемаркетинг, онлајн банкарство, трети продажни канали и развој на промотивни материјали, брендирање и обуки на вработени во филијали и во останатите продажни канали.

Паралелно со работните ангажман во Стопанска банка, во 2003 година се запишува на постдипломски студии по маркетинг на истата високообразовна институција. Во 2005 година ги завршува испитите од двегодишните магистерски студии, и почнува со изработка на магистерската теза. Во 2007 година, со одбрана на магистерскиот труд "'Промотивен микс во банкарството" под менторство на проф. д-р Нада Секуловска, се стекнува со титулата магистер по економски науки на Економскиот факултет при Универзитетот „Св Кирил и Методиј" – Скопје.

Следната, 2008, година, на Економскиот факултет, при Универзитетот „Св. Кирил и

Методиј” Скопје ја пријавува темата за докторска дисертација со наслов „Ефекти од интегрирана маркетинг комуникациска страегија во банкарството” под менторство на проф. д-р Нада Секуловска. Во 2010 година го одбранила докторатот и се здобива со титулата доктор по економски науки.

Како дел од својот професионален развој, завршила неколку обуки, како на пример:

- обуки за време на деловното работење во S Team Bates Saatchi&Saatchi,

- обуки за време на деловното работење во Стопанска Банка;

- повеќе обуки и работилници на Универзитетот Американ Колеџ Скопје;

- обуки и работилници организирани од страна на мрежата за развој на претприемништво во Југоисточна Европа – Решица, три обуки за пишување практични примери / кејсови, една обука за предавање во тимови, неколку работилници за научно истражувачка работа.

- неколку обуки за онлајн ресурси и користење на блекборд платформа, на Qatar University

Во јули 2010 година, како дел од тимот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, посетува обука *European Entrepreneurship Colloquium*, организиран од EFER, за Harvard Participant centered learning training во Барселона, Шпанија.

- Повеќе обуки и семинари за дигитален и интернет маркетинг од различни институции.

Во 2019 година, реализира Executive education од Northwestern Kellog School of Management и се здобива со сертификат за Digital marketing strategies: Data, Automation, AI & Analytics. Истото лето 2019 година посетува две (2) обуки за коучинг и користење креативни алатки за тренинзи од компанијата Points of You.

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Илијана Петровска ја започнува својата наставна и научна дејност во февруари 2008 година на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, како експерт од пракса за предмети од областа на маркетингот. Во два семестри ги предава предметите *Вовед во маркетинг* (за вонредните студенти на додипломските – прв циклус студии на Факултетот за деловна економија и организациони науки) и *Промоција* (редовните студенти на прв и втор циклус студии) на истиот факултет.

Во април 2009 година се вработува како асистент за предмети од областа на маркетинг на Факултетот за деловна економија и организациони науки, при Универзитетот Американ Колеџ Скопје и продолжува со предавање на предмети од областа на маркетинг. Во април 2010 година избрана е за доцент по група предмети од областа на маркетинг и ги предава предметите *Вовед во маркетинг* во прва година, *Вовед во електронски бизнис* во втора година, *Маркетинг менаџмент* и *Промоција* во трета година на додипломски (прв циклус) студии. Исто така, учествува во воведување на нов предмет на последипломските (втор циклус) студии под наслов *Интегрирана маркетинг комуникација*. Истата година е избрана за член на Организациониот одбор на Годишната Меѓународна научна конференција за Европска интеграција на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Во септември 2010 година е избрана за раководител на катедрата Маркетинг, на која позиција останува во два последователни мандати до 2018 година. Во тој период активно учествува во развивање на нови наставни програми, спроведува обуки за наставниците вклучени во наставата за определени предмети, планира и организира проекти активности од маркетинг со деловната заедница и студентите, организира неколку панел дискусии, учествува во имлементацијата на истражувачки проекти за

деловна компанија, организира настани и проекти за практично ангажирање на студентите во соработка со деловната заедница, како и општествено одговорни проекти за општина Аеродром, и основни и средни училишта. Иницијатор е за развој на креативна лабораторија на факултет, која работи неколку години на развој на креативни кампањи за Факултетот и надворешни клиенти.

Во октомври 2010 година избрана е како член во комитетот за развој на апликацијата за акредитација на Факултетот од ACBSP, Accreditation Council for Business Schools and Programs, ACBSP.

Во октомври 2013 година е избрана за продекан за настава на истиот факултет, со што се ангажира во развој на интерактивни и иновативни предавања, преку обуки и развој на предавачите, како и соработка со Деловниот совет за развој на релевантна наставна програма и двојна програма (доубле дегрее програм) со Факултетот за економија, на Универзитетот Тор Вергата, од Рим, Италија во есен 2017 година.

Во периодот од 2013 година до 2015 година е вклучена како предавач / тренер на обуки за компании од фармацевтската индустрија, и мали и средни претпријатија.

Во септември 2014 година е избрана за претставник на Факултетот во Сенатот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Во декември 2014 година е избрана за вонреден професор по група предмети од обласа на маркетинг. Во тој период учествува во изготвувањето на нови наставни програми за предметите *Маркетинг комуникации* и *Дигитален маркеинг* на додипломски студии, како и предметите *Ценовни стратегии*, *Стратешки маркетинг*, *Дигитален маркетинг* и *Практични примери од маркетинг* на постдипломски студии.

Како лиценциран ментор, проф. д-р Илијана Петровска досега била член на комисии на магистерски трудови и специјалистички трудови.

Во процес на акредитирање на докторските студии, учествува во изготвување на наставната програма за предметот *Иновации во глобално диверзифициран свет*. Вклучена е и во реализацијата на подготвителната настава по маркетинг за новозапишани студенти на Универзитетот, како и во обуките на академскиот и административниот кадар на УАКС.

Освен на Универзитетот Американ Колеџ Скопје, Петровска во последните пет години е визитинг професор на неколку странски универзитети:

- Stenden Qatar University of Applied Sciences, каде го предава предметот Events management, и работи како шеф на оделот за обука на компании од септември 2019 година.
- Qatar University, каде го предава предметот *Consumer Behavior*, како и предметите *Events marketing*, *Consumer Behavior* на постдипломски студии, и *Sales management* на додипломски студии. Воедно волонтира во Центарот за претприемништво за научно истражувачка работа од февруари 2018 година.
- University of Applied Sciences Worms, Германија, каде го предава предметот *Marketing management*, во јануари 2017 година.
- University of Belgrade, Bor, Србија, каде одржала предавање за предметот *Introduction to Marketing* во октомври 2016 година.
- University of Rome "Tor Vergata", Rome, Италија, каде предавала на постдипломски студии за Big Data програм, *Маркетинг* на додипломски студии, семинар *Brand Yourself* на додипломски студии од октомври 2015 година, а наредна година е поканета да одржи предавање за предметот *Consumer Choises* на додипломски студии.
- Rome Business School, Италија, каде оддржува онлајн предавања, а во кампусот,

по Маркетинг, работи како супервизор и евалуатор на финални дисертации од јули 2014 година

Проф. д-р Илијана Петровска е автор на рецензирана монографска публикација од областа на Маркетингот под наслов: *Интегрирана маркетинг комуникација во банкарството* во издание на УАКС, Скопје 2018.
Исто така, кандидатката објавила поглавје во книга со наслов *Entrepreneurial Icebreakers: Insights and Case Studies from Internationally Successful Central and Eastern European Entrepreneurs,* која вклучува практични примери на претприемачи од Југоисточна Европа. Поглавјето е со наслов "Fx3x: Star Performance without a Star Attitude" претставува практичен пример на претприемач кој успеал на глобалниот пазар. (Dimitrova & Petrovska, Fx3x: Star Performance without a Star Attitude & p. 179-192, in: Prats, Sosna, and Sysko-Romanczuk. (2015). *Entrepreneurial Icebreakers: Insights and Case Studies from Internationally Successful Central and Eastern European Entrepreneurs,* London: Palgrave Macmillan, ISBN-13: 9781137446305).
Од последниот избор во 2014 година, во коавторство објавила вкупно единаесеттруда во меѓународни научни списанија и зборници на трудови од учество на пет конференции, како што е наведено во Табелата:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот (18 јуни 2019)** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Stefanoska-Petkoska, Petrovska, Bojadjiev, Schaeffer and Tomovska-Misoska (2019) The effects of organizational culture and dimensions on job satisfaction and work-life balance, *Montenegrin Journal of Economics,* Vol. 15, No.1 (2019), 099-112 | 15 март 2019 | Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор, индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на нтернет – EBSCO. |
| Томовска Мисоска, А., Петровска, И. и Здравески, П. (2018). Предиктори на барањето, давањето и проследувањето електронски усни препораки кај потрошувачите во Македонија, *Психологија: наука и практика*, 2 (3), 87-103. УДК:658.89:316.772.5(497.7). | јуни 2018 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | научно списание со меѓународен уредувачки одбор. |

| | | | |
|---|---|---|---|
| Veljanovska and Petrovska (2018) Reshaping customer loyalty through mobile marketing 6th *International Conference on Contemporary Marketing Issiues, ICCMI 2018 Conference proccedings*. ISBN: 978-960-287-158-4. Pp. 126-132 | јуни 2018 | Зборник на трудови | Конференција со меѓународен организационен одбор |
| Dimitrova M., Micevski, D., Petrovska, I. (2018). Attention on social media: Evidence from the Macedonian Start Ups. XIV *Interbnational May Conference on Strategic Management, Technical Faculty in Bor, IMCSM Proceedings*, Vol. 14 (2) ISSN 2620-0597, pp. 597-605 | мај 2018 | Зборник на трудови | Конференција со меѓународен организационен одбор индексирано во електронската база EBSCO |
| Dimitar Kovachevski, Ilijana Petrovska, Darko Apostolov, Venera Krliu Handjiski (2017) The impact of sponsorship and their activation through digital media on brand awareness in the Republic of Macedonia, *Economics & Economy*, December, 2017, Vol. 5, No. 9-10, pp. 43-53 | 19 декември, 2017 | научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор |
| Petrovska, Sherovska, Kovachevski. (2017). Value –Bassed Pricing Strategies in Retail: Are they Effective or Not?. *Journal of Innovative Business and Management*, ISSN-1855-6175, Year 9 (2017), volume 2 | декември 2017 | научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија. | Научно списание со меѓународен уредувачки одбор. Индексирано во COBISS+, DOAJ, Econ papers, IDEAS, Google Scholar, LIBSI, Research Gate |
| Tomovska, Petrovska, Mindova (2017). The Attitudes towards Online Shopping: The Case of Macedonian Students. *Conference proceedings of International Scientific Conference on Recent* | 26 октомври 2017 | Зборник на трудови | Конференција со меѓународен уредувачки одбор |

| | | | |
|---|---|---|---|
| *Advances in IT, Tourism, Economics, Management and Agriculture*, - ITEMA 2017, October 26, 2017, Budapest, Hungary, ISBN 978-86-80194-08-0, COBISS.SR-ID 254932748, p. 52-60 | | | |
| Petrovska, Tomovska Misoska, Zdravevski, & Bojadjiev (2017). Influence on consumer engagement in electronic word of mouth. *Conference proceedings* of 5th International Conference on Contemporary Marketing Issues ICCMI June 21-23, 2017 Thessaloniki, Greece. ISBN: 978-960-287-156-0, p. 306-313 | 21-23 јуни 2017 | Зборник на трудови | Конференција со меѓународен уредувачки одбор |
| N Cuculeski, I Petrovska, V Cuculeski (2016). Sustainable marketing and consumers' preferences in tourism. European *Journal of Tourism, Hospitality and Recreation* vol. 7 (2), p. 84-90, | ноември 2016 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | рефернтно списание (Journal Impact Factor 0.325 *) |
| Petrovska, Meloska, Efremov and Postolov. (2016). CEFTA Agreement and Opportunities for Republic of Macedonia Wood Furniture Export. *Drvna industrija*. ISSN 0012-6772. Vol. 67 (1) p. 43-51. doi:10.5552/drind.2016.1513, p. 43-52 | јануари 2016 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | рефернтно списание (RG Journal Impact: 0.54 **) |
| Marencheva, D., Petrovska I., Bundaleska, E. and Tomovska A. (2016). Advertising to children and parental buying behavior in the municipality of Gevgelija, *Economic Development*, 18 (1-2), pp. 225-244 | јануари 2016 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | научно списание индексирано во електронската база EBSCO |
| Djambaska, Petrovska, and Bundalevska. (2016). Is Humor Advertising Always Effective? Parameters for Effective Use of Humor in Advertising. *Journal of Management Research*. ISSN 1941-899X 2016, Vol. 8, No. 1. Macrothink Institute. doi:10.5296/jmr.v8i1.8419, p. | јануари 2016 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | рефернтно списание (Impact factor 0.95 ***) |

| | | | |
|---|---|---|---|
| 18-36 | | | |
| Cuculeski, Petrovska and P. Mircevska. (2015). Emerging trends in tourism: Need for alternative forms of tourism. *Review of Innovation and Competitiveness. A Journal of Economic and Social research.* Juraj Dobrila University of Pula: Faculty of economics and tourism "Dr Mijo Mirkovic", ISSN 1849-8795, vol. 1, issue 1, p. 103-114 | 5 ноември 2015 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | Конференција со меѓународен организационен одбор индексирано во електронската база EBSCO |
| Krliu-Handjiski, Bojadjiev, Tomovska-Misoska, Stefanovska-Petkovska, Krleska and Petrovska. (2015). Job Diagnostic Survey - Longitudinal study on the Balkan countries - Macedonia, Bulgaria and Kosovo. *Journal of Management Research*, ISSN 1941-899X, 2015, Vol. 7, No. 4, p. 39-53 | 10 јули 2015 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | Рецензиран е и објавен во научно списание индексирано во електронската база EBSCO. Impact factor 0.95 *** |
| Efremov, Majstoroska, Petrovska and Bojadjiev. (2015). Regional Trade and Investments Integration Results within the South East European 2020 Strategy. *Industrija, Journal of Sustainable Economics, Belgrade, Serbia*. Economics Institute: ISSN 0350-0373, UDK 33; vol. 43, No. 2, p. 117 – 128, doi:10.5937/industrija43-8138 | мај 2015 | Научно списание, во кое трудовите подлежат на рецензија. | научно списание со меѓународен уредувачки одбор, индексирано во електронската база EBSCO |
| Mladenoska, Petrovska, Efremov, Dimitrova, and Kovachevski. (2015). Consumer attitudes towards mobile advertising: Case of Macedonia vs. UK and China. *Conference proceedings of Advances in Business-Related Scientific Research Conference – ABSRC 2015*, ISBN 978-961-6347-56-3 | март 2015 | Зборник на трудови. | научно списание индексирано во електронската база EBSCO |

Во продолжение се наведени и други трудови објавени во научни списанија, зборници на трудови и трудови презентирани на меѓународни конференции:

1. Dimitrova, Vadnjal, Petrovska & Bojadziev. (2014). Should J become an enterpreneur or an employee: dilemmas of students in Macedonia and Slovenia? *Acta Oeconomiaca Iniverzitatis Selye,* 2014, p. 35-44.
2. Stoshikj, M. Petrovska I. Tomovska A. Pachovski V. Dimitrova M. (2014). Measuring Social Media Return On Investments. *Conference proceedings of the 10th International May Conference on Strategic Management IMKSM 2014*, Bor, 23-25.05, 2014, p. 245-254
3. Milovanovic Z., Petrovska I. (2014). The European Higher Education Area and its Prospects. *Conference Proceedings of the 9th International Conference on European Integration: The Europe of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated*, 15 May 2014, Skopje
4. Vasic T., Petrovska I. and Indji S. (2014). Wine Packaging for the New Consumer's Expectations: Comparative Study of Consumer's Perception in Macedonia, Germany and Japan. *Conference Proceedings of the 9th International Conference on European Integration: The Europe of Tomorrow: Creative, Digital, Integrated*, 15 May 2014, Skopje
5. Stoshikj, M. Pachovski, V. Petrovska, I. (2014). Social networks and social media in general – potentials for advertising and methods for measuring its effectiveness. CiiT 2014, Bitola, 11-13.04, *Proceedings* of the *11th International Conference on Informatics and Information Technologies, Web proceedings*

Од месец февруари 2015 до јунни 2015 година, кандидатката е вклучена на прокетот SI-DRIVE за мапирање на социјални иновации, координиран од Tehnische Universität Dortmund и финасиски поддржан од FP7 програмата на Европската Унија.
Во изминатиот период проф. д-р Илијана Петровска била ментор на вкупно 29 магистерски и 3 специјалистички трудови. Во тек се менторства на 28 магистерски и една докторска теза, а била и член во десетина Комисии за оцена и одбрана на магистерски трудови на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.
Проф. д-р Илијана Петровска има позитивни оцени од споведена самоевалуација со просечна оценка 94% за периодот од претходниот избор.

| **предмет** | **Период** | **оценка** |
|---|---|---|
| Strategic marketing – постдипломски | 2019 | 90% |
| Strategic marketing – постдипломски | 2018 | 96% |
| Strategic marketing – постдипломски | 2017 | 96% |
| Marketing Ccommunication and Media (Undergraduate) | 2016 | 92,8% |
| Вовед во маркетинг Додипломски студии | 2015 | 91,8% |

Кандидатката активно го владее англискиот јазик и ја изведува наставата на македонски и англиски јазик.

***Општествена дејност***

Во септември 2010 година, проф. Илијана Петровска е избрана за Раководител на катедрата за Маркетинг на која позиција останува заклучно со месец јуни 2018 година. Иницијатор е за развој на креативна лабораторија на факултет, која работи неколку години на развој на креативни кампањи за факултетот и надворешни клиенти.

Учествува во остварување на соработка со деловниот совет за развој на наставна програма со Факултетот за економија, на Универзитетот Тор Вергата, од Рим, Италија во есента 2017 година.

Во септември 2014 година е избрана за претставник на факултетот во Сенатот на Универзитетот Американ Колеџ Скопје.

Проф. д-р Илијана Петровска била вклучена како рецезент на трудови на Меѓународната конференција за европски интеграции, организирана од УАКС, Скопје во периодот 2010-2017 година. Учествувала и како член на Организациониот одбор на истата конференција во периодот 2011-2013 година.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа поднесената биографија, како и податоците за стручната, научната и наставната активност, Рецензентската комисија констатира дека проф. д-р Илијана Петровска покажува висок интелектуален, творечки и научен потенцијал. Според поднесената документација, Комисијата заклучи дека кандидатката ги исполнува потребните критериуми за избор во звањето редовен професор предвидени со Законот за високо образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје. Од претходниот избор во звањето вонреден професор(29.12.2014), проф. д-р Илијана Петровска во коавторство објавила вкупно едианесет трудови од соодветната област во меѓународни научни списанија и зборници на трудови од учество на пет меѓународни конференции. Од нив седум трудови се објавени во списанија со меѓународен уредувачки одбор, како и четири труда во рефернтни списанија со фактор на влијание. Во 2018 година, објавила и една Монографија од научната областц во која се избира.

Кандидатката успешно изведува високообразовна дејност на прв, втор и трет циклус на студии. Била ментор на магистерски трудови, а од претходната година е ментор и на докторски студии на Универзитетот. Нејзината оценка како професор на предметите од обласа Маркетинг, според резултатите од самоевалуацијата, е континуирано позитивна во изминатиот петгодишен период. Наставата ја реализира на македонски и англиски јазик, за чие познавање има соодветен сертификат.

Како професор и Продекан на факултетот, проф. д-рИлијана Петровска учествува во оспособувањето и развојот на помладите наставници и соработници. Од особено значење е нејзиниот ангажман како визитинг професор на повеќе странски универзитети, со што таа покажува капацитет за мобилност и дисеминација на сознанијата на пошироко меѓународно ниво.

Согласно доставената документација и личното познавање на кандидатката, Рецензентската комисија позитивно ја оценува наставно-образовната, научно-истражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејностаод поширок интерес. Од изнесените податоци за севкупната активност од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека проф. д-р Илијана Петровска ги исполнува критериумите за избор во звањето редовен професор од обласа на Маркетингот. Врз основа на гореизнесеното, Комисијата со задоволство му предлага на Наставно-научниот совет на

Факултетот за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, проф.д-р Илијана Петровска да биде избрана во звањето *редовен професор по група предмети од областа Маркетинг.*

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Д-р Марјан Бојаџиев, редовен професор, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Д-р Нада Секуловска, редовен професор во пензија, с.р.
Економски факултет, Универзитет "Св. Кирил и Методиј"

Проф. д-р Татјана Петковска Мирчевска, редовен професор, с.р.
Економски институт Универзитет "Св. Кирил и Методиј" Скопје

# РЕФЕРАТ

# ЗА ИЗБОР НА НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ПО ГРУПА ПРЕДМЕТИ ОД ОБЛАСТА НА ПРИМЕНЕТА ЕКОНОМИЈА И ФИНАНСИИ НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ДЕЛОВНА ЕКОНОМИЈА И ОРГАНИЗАЦИОНИ НАУКИ ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ АМЕРИКАН КОЛЕЏ СКОПЈЕ

Со Одлука бр. 14-878/4 од 04.07.2019 година донесена на 6-та седница на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки, одржана на 04.07.2019 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на наставник во сите наставно-научни звања по група предмети од областа на применета економија и финансии на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје.

Конкурсот за овој избор беше објавен во „Независен весник" на 18.06.2019 година и во предвидениот рок се пријави:

1. *Вон. проф. д-р Игор Величковски*

Заедно со биографијата, кандидатот има доставено уверенија и дипломи за претходно оформени степени на образование, како и список на објавени рецензирани трудови. Врз основа на приложената документација од кандидатот, на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки при УАКС му го поднесуваме следниот

## И З В Е Ш Т А Ј

***Биографски податоци***

Вон. проф. д-р Игор Величковски е роден на 21.03.1976 година. По завршување на основното и средното образование (економско) со одличен успех, се запишал на додипломски студии по економија, насока финансиско-сметководствен менаџмент, на Економски факултет при Универзитет „Св Кирил и Методиј" – Скопје. Студиите ги завршил во 1998 година со просек 8,5.

Во 1998 година се запишал на постдипломски студии по монетарна економија на истата високообразовна институција. Во 2000 година ги завршил испитите од двегодишните магистерски студии, со просек 8,6. Во 2004 година магистрирал со одбрана на магистерскиот труд со наслов "Улогата и значењето на операциите на отворен пазар во имплементирањето на монетарната политика – случајот на Македонија" со што се здобил со титулата магистер по економски науки.

Во 2005 година се запишал на докторски студии на Универзитетот Стафордшир, Велика Британија. Во 2009 година го одбранил докторатот со наслов "Потенцијални трошоци за Република Македонија од губење на независна монетарна политика: Придонес кон проценка на трошоците од усвојување на еврото" и со тоа се здобил со титулата доктор по економски науки. По поминување на соодветната обука за овластен супервизор организирана од страна на Универзитетот Стафордшир во 2010 година, бил ангажиран како супервизор на докторанди од Република Македонија коишто работат на докторските дисертации на Универзитетот Стафордшир.

Во 2000 година д-р Игор Величковски се вработил во Народна банка на Република Северна Македонија, а од 2013 година е директор на Дирекцијата за платни системи. Неговиот делокруг на работење е поврзан со развојот на системите за плаќање и системите за порамнување хартии од вредност, регулирање на платните системи и платежните услуги, надзор на платните системи и процесирање на трансакции поврзани

со имплементирање на монетарната политика и управување со девизните резерви. Член е на Комитетот за инвестирање, Комитетот за управување со актива и пасива и на Националниот совет за платни системи.

Учествувал во голем број проекти и активности во рамки на Народната банка поврзани со воспоставување на примарниот пазар на државни хартии од вредност, воспоставување на пазарите преку шалтер, воведување на репо-трансакции, воспоставување на котации на референтни каматни стапки SKIBOR и MKDONIA, како и поврзување на домашниот платен систем МИПС со системот ТАРГЕТ 2 на Евросистемот.

Посетувал разни обуки од областа на макроекономијата, финансиските пазари, платните системи и применетата економетрија, и тоа:

| | |
|---|---|
| 2019 | Consumer protection and financial inclusion, Banco de Portugal, Lisabon |
| 2018 | Econimics of payments, BIS, Basel |
| 2018 | Payment systems, FED, New York |
| 2017 | Digital currencies, Bank for International Settlement and Bank of Japan, Tokyo |
| 2017 | National Asset Liability Management Europe 2017, Central Banking, London |
| 2016 | Back office issues, De Nederlandsche Bank, Amsterdam |
| 2016 | Fifth annual payment forum, EACHA, Stockholm |
| 2016 | Payment services and systems, Banque de France, Paris |
| 2015 | Financial Inclusion, International Monetary Fund, Washington |
| 2015 | Getting the balance right: innovation, trust and regulation in retail payments, European Central Bank and Bank of Finland, Helsinki |
| 2014 | Settlement and Custodian Relations, World Bank, Washington |
| 2014 | Portfolio Management for Central Banks, Banca D'Italia, Rome |
| 2013 | Payment Systems and Non-Cash Transactions, National Bank of Poland, Warsaw |
| 2013 | Portfolio Analytics, Bank for International Settlements, Brunnen and Basel |
| 2012 | Macroeconomic Forecasting, Bank of England, London |
| 2012 | Topics in Empirical Finance, Bank of England, Skopje |
| 2011 | Collateral valuation, Deutsche Bundesbank, Frankfurt |
| 2011 | Risk Management of Foreign Reserves, De Nederlandsche Bank, Amsterdam |
| 2010 | Monetary Policy and Financial Stability in the Context of Turbulences in Financial Markets, National Bank of Poland, Warsaw |
| 2008 | Instruments of financial markets, Swiss National Bank, Gerzensee |
| 2005 | Macroeconomic management and financial sector issues, International Monetary Fund, Vienna |
| 2004 | Monetary operations, Bank of England, London |
| 2003 | Financial markets and new financial instruments, International Monetary Fund, Washington |
| 2003 | Operational monetary policy, De Nederlandsche Bank, Amsterdam |
| 2001 | Monetary operations, International Monetary Fund, Vienna |
| 2001 | Promoting monetary stability, Bank for International Settlements, Vienna |
| 2000 | Monetary policy of the Eurosystem, Deutsche Bundesbank, Frankfurt |

***Наставно-образовна и научно-истражувачка дејност***

Д-р Игор Величковски има богато работно искуство. Во 2012 година е избран за доцент по група предмети од областа на економија и финансии на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје. Подоцна, тој е избран во вонреден професор по група предмети од областа на економија и финансии на истиот факултет.

Од изборот во доцент досега, тој ги има предавано следниве предмети: Intro to Finance 2 и Quantitative Methods 3 за студентите од програмата TOP Вергата, Monetary Policy and Analysis, International Finance, Меѓународни финансии и Напредно ниво на

корпоративни финансии за студентите запишани на втор циклус на студии и Advanced Econometrics за студентите запишани на трет циклус на студии.

Висока оценка за наставната дејност на д-р Величковски дава Евалуацијата 360, која за академската 2018/2019 година, изнесува 96%.

Како лиценциран ментор на докторски и магистерски трудови, д-р Игор Величковски досега бил ментор на четири (4) магистерски трудови и член на седум (7) комисии за одбрана на магистерски трудови. Во моментов на пишување на овој извештај тој менторира два (2) докторски трудови и два (4) магистерски трудови. Дополнително, бил изведувач на обука во рамки на Executive Education програмата на УАКС на тема “Техники за управување со ликвидност на плитки финансиски пазари”.

Вон. проф. д-р Игор Величковски е автор на следната рецензирана монографска публикација од областа на монетарната економија:

Velickovski, I. (2010). Potential Costs of Euro Adoption for Transition Countries: a Case Study for Macedonia, Publisher: VDM Verlag Dr. Müller (Germany),

а во последните пет години, тој ги објавил следните трудови во меѓународни списанија:

| **Труд** | **Објавен во последните 5 години пред распишување на конкурсот** | **Рецензирано списание** | **Референтна научна публикација** |
|---|---|---|---|
| Velickovski, I., Mamuchevska, D. (2019) Interest Rate Pass-Through in Three EU Candidate Countries: The Case of Albania, North Macedonia and Serbia, *Issues in Economics and Business* 5 (2).<br>http://www.macrothink.org/journal/index.php/ieb/article/view/15362 | Да, 2019. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број членови. |
| Velickovski, I. & Petreski, M. (2019). Size, Competitiveness and FDIs: Small or Transition Country Curse? *Small States & Territories* 2 (1) p. 23-40.<br>https://www.um.edu.mt/sst/sst21may2019 | Да, 2019. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не надминува две |

| | | | |
|---|---|---|---|
| | | | третини од вкупниот број членови. |
| Velickovski, I., Stojkov, A. & Rajkovic, I. (2017). Dis Union of the Core and Periphery. *International Journal of Economics and Financial Issues*, 7(6) p. 159-174.<br>http://www.econjournals.com/index.php/ijefi/article/view/5643 | Да, 2017. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број членови. Индексирано од Scopus. |
| Petreski, M., Jovanovic, B. & Velickovski, I. (2017). Tariff-Induced (De)industrialization: An Empirical Analysis. *Comparative Economic Studies* 59 (3) p. 345-381.<br>https://link.springer.com/article/10.1057/s41294-017-0030-8 | Да, 2017. | Да. Утврдено според расположливи информации на интернет страницата од списанието. | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на рецензија и кое има меѓународен уредувачки одбор, во кој учествуваат членови од најмалку три земји при што бројот на членови од една земја не надминува две третини од вкупниот број членови. Индексирано од SCImago Journal Rank. |
| Velickovski, I., Petreski, M. & Jovanovic, B. (2016). The Macedonian Economy and the European Union, in: ed. By Briguglio, L. Small States and the European Union: Economic Perspectives. Publisher: Routledge, London. p. 154-183.<br>https://www.taylorfrancis.com/books/e/9781315669021/chapters/10.4324/9781315669021-16 | Да, 2016. | | Да. Дел од книга рецензирана и објавена во земја членка на ЕУ/ОЕЦД – Велика Британија. |
| Velickovski, I. & Stojkov, A. (2014). Is the European Integration Speeding Up the Economic Convergence Process | Да, 2014. | Да. Утврдено според расположливи информации на | Да. Научно списание во кое трудовите кои се објавуваат подлежат на |

| | | | |
|---|---|---|---|
| of the Central and South-Eastern European Countries? A Shock Perspective. *Empirica* 41 (2) p. 287-321.<br>https://econpapers.repec.org/article/kapempiri/v_3a41_3ay_3a2014_3ai_3a2_3ap_3a287-321.htm | | интернет страницата од списанието. | рецензија и кое е индексирано во најмалку една електронска база на списанија со трудови достапна на интернет – Journal Citation Report. |

Други трудови кои вон. проф. д-р Игор Величковски ги има објавено од почетокот на својата кариера досега, исклучувајќи ги горенаведените, се следниве:

Velickovski, I., Stojkov, A. & Rajkovic, I. (2016). Reconnecting the Peripheral Wagons to the Euro Area Core Locomotive: Mission Impossible? *Global Development Network* Working Paper No. 95.

Velickovski, I. (2013) Assessing Independent Monetary Policy in Small, Open and Euroized Countries: Evidence from Western Balkan. *Empirical Economics* 45 (1) p. 137-156. Индексирано списание од Journal Citation Report.

Velickovski, I. & Pugh, G. (2011). Constraints on Exchange Rate Flexibility in Transition Economies: a Meta-Regression Analysis of Exchange Rate Pass-Through. *Applied Economics* 43 (27) p. 4111-4125. Индексирано списание од Journal Citation Report.

Христовска, В., Величковски, И. и Трајкова, З. (2011), Пазарите на пари во Република Македонија и Европската Унија: Компаративен приод, Работен материјал на Народна банка на Република Македонија.

Кондратенко, В., Христовска, В., Величковски, И., Крстевски, З. и Ефремова, М. (2010), Репо-трансакции: Теоретски аспекти и предуслови за нивно заживување во Република Македонија, Работен материјал на Народна банка на Република Македонија.

Величковски, И. (2007), Трансмисионен механизам преку каналот на каматни стапки во Македонија, Работен материјал на Народна банка на Република Македонија.

Величковски, И. (2004), Воведување на репо-трансакции во Република Македонија, Работен материјал на Народна банка на Република Македонија.

Величковски, И. (2003), Координација помеѓу фискална и монетарна политика во развојот на пазарите на државни хартии од вредност, Работен материјал на Народна банка на Република Македонија.

Други публикации:

Стратегија за намалување на готовината во Република Македонија (член на Работната група за изготвување на стратегијата), Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија, 2018.

Стратегија за развој на пазарите на државни хартии од вредност (член на Работната група за развој на пазарот на државни хартии од вредност), Министерство за финансии и Народна банка на Република Македонија, 2003.

Со сите трудови вкупно, од почетокот досега, вон. проф. д-р Игор Величковски има објавено една книга, тринаесет статии и еден дел од книга, како и учество во изготвување на две национални стратегии.

Д-р Величковски е добитник на следната меѓународна награда:
Award "Dr Dragoslav Avramović" for 2012 given by the National Bank of Serbia for the paper "Assessing Independent Monetary Policy in Small, Open and Euroized Countries: Evidence from Western Balkan". http://www.nbs.rs/internet/english/scripts/showContent.html?id=6041&konverzija=no

Д-р Величковски учествувал во следните меѓународни проекти:
WIIW grant for the study: Petreski, M., Jovanovic, B. & Velickovski, I. (2014). WTO-induced (de)industrialization in Southeast Europe, with reference to the roles of public infrastructure and bank intermediation: A comparative analysis.

Global Research Competition grant for the study: Velickovski, I, Stojkov, A, & Rajkovic, I. (2013). Reconnecting the Peripheral Wagons to the Euro Area Core Locomotive. Financed by Global Development Network.

Пред изборот во вонреден професор, тој учествувал и во следниот меѓународен проект:
Research grant for the study: Velickovski, I. & Stojkov, A. (2012). Is the European Integration Speeding Up the Economic Convergence Process of the Transition Countries? A Shock Perspective. Financed by CERGE-EI with support of Global Development Network.

Д-р Величковски ги има преведено следните книги:
Превод од англиски на македонски јазик на "Модерна економија на трудот: Теорија и јавна политика", Ronald G. Ehrenberg & Robert S. Smith, 2010 (Проект на Владата на Република Македонија за превод на 500 книги).

Превод од англиски на македонски јазик на избрани поглавја од "Економија на пари, банкарство и финансиски пазари", Frederic S. Mishkin, 2010 (Проект на Владата на Република Македонија за превод на 500 книги).

Д-р Величковски ги има стекнато следните два сертификати:

Сертификат за методи на истражување, Универзитет Staffordshire (2007).

Сертификат за овластен супервизор на докторанди на Универзитетот Staffordshire (2010).

***Општествена дејност***

Вон. проф. Игор Величковски бил рецензент на трудови од областа на економија и финансии во повеќе журнали: Economic Systems, Post-Communist Economies, Eastern European Economics, Economia Internazionale и The South East European Journal of Economics and Business. Тој, исто така, бил рецензент на трудови објавени од Народна банка на Република Северна Македонија и Чешката централна банка.

Д-р Величковски е долгогодишен член на Здружението на финансиски пазари АЦИ Македонија.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Врз основа на изнесените податоци за стручната, научната и наставната активност на вон. проф. д-р Игор Величковски и согласно одредбите на Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, рецензентската комисија констатира дека кандидатот покажува постојан стручен, наставен и научен развој и е оформен во квалитетен универзитетски научник и наставник. Тој врши континуирана наставна и научно-истражувачка работа, што ја

потврдуваат неговата ориентација за систематски пристап кон проблемите од научно-истражувачката и наставната област која ја покрива, а која се однесува на групата предмети за кои конкурира.

Врз основа на увидот во поднесената професионална биографија и севкупната активност и творештво на кандидатот, комисијата смета дека вон. проф. д-р Игор Величковски покажува висок интелектуален, творечки и педагошки потенцијал. Според референтноста на изнесените податоци, Комисијата заклучи дека вон. проф. д-р Величковски поседува научни и стручни квалитети, референтност на стручната биографија и, според Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје, ги исполнува услови да биде избран во звањето редовен професор по група предмети од областа применета економија и финансии.

Имено, според Законот и Правилникот, условите за избор се задоволени со тоа што д-р Игор Величковски:

1. Претходно бил избран во наставно-научното звање вонреден професор по група предмети од областа економија и финансии;
2. Има просечен успех од 8.5, односно 8.6 на секој циклус посебно, што е повисоко од потребниот просек 8.00 (осум);
3. Има објавено 6 рецензирани научни трудови во соодветната област, објавени во референтни научни публикации во последните пет години;
4. Има објавено рецензирана монографија од научната област во која се избира;
5. Учествувал во научно-истражувачки проекти, од кои резултатите потоа биле применувани во наставата;
6. Како професор на постдипломски и докторски студии на својот факултет, оспособува и воведува во работата помлади наставници и соработници;
7. Ги изведува сите видови високообразовна дејност: наставна, научна и истражувачка;
8. Бил ментор на магистерски и докторски тези;
9. Тој предава на англиски јазик, а со оглед на тоа што, исто така, има објавено повеќе трудови на овој јазик, несомнено, неговото познавање на англискиот јазик е на Ц1 ниво;
10. Неговата оценка од самоевалуација е позитивна: 96%.

Дополнително, тој ги исполнува и следните услови согласно Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и асистенти-докторанди на Универзитетот Американ Колеџ Скопје во Скопје:

1. Има објавено најмалку три трудови кои се објавени во списанија индексирани на Web of science, Journal Citation Report, Scopus и SCImago Journal Rank;
2. Добитник е на меѓународна награда.

Врз основа на гореизнесеното, Комисијата му предлага на Наставно-научниот совет на Факултет за деловна економија и организациони науки при Универзитет Американ Колеџ Скопје, вон. проф. д-р Игор Величковски, да биде избран во звањето *редовен професор* по група предмети од применета економија и финансии.

РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА

Проф. д-р Томе Неновски, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Евица Делова-Јолевска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

Проф. д-р Анета Крстевска, с.р.
Факултет за деловна економија и организациони науки,
Универзитет Американ Колеџ Скопје

# BULLETIN

**OF THE UNIVERSITY AMERICAN COLLEGE SKOPJE**

ISSN 1857-5323